Funded by the European Union

Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан 3 (ReLOaD3)

UNDP

Одговори на прашања поставени на јавните повици за граѓански организации спроведени во рамките на ReLOaD 3 програмата

1. Пред колку време невладината организација треба да биде регистрирана за да може да аплицира на јавниот повик.

Одговор: Повикот не предвидува конкретен минимален период на постоење на организацијата, но потребно е да има формален правен статус во моментот на аплицирање. Доколку станува збор за новоформирана организација без или со ограничено искуство, се препорачува таа да стапи во партнерство со поискусна организација која ќе ја преземе улогата на водечка организација и ќе ги обезбеди потребните оперативни и финансиски капацитети. Во процесот на евалуација ќе се земат предвид искуството, капацитетите и досегашната работа на водечката организацијата и на партенерите.

2. Дали на повикот како експерт или како дел од преоктниот тим може да се вклучи лице со статус Самостоен уметник? Самостојните уметници имаат посебен статус и не се вработени во Министерство за култура, но се регистрирани како трговци поедници и преку Министерството добиваат само придонеси на плата.

Одговор: Лице со статус Самостоен уметник, регистриран како трговец поединец, може да биде вклучено како експерт или како дел од проектниот тим, доколку ги исполнува условите од повикот и не постои конфликт на интереси. Клучно е да се утврди дали постои формален работен однос (времен или постојан) со јавна институција; доколку не постои, ангажманот е дозволен во согласност со насоките од јавниот повик.

3. Дали како експерт може да се вклучи лице кое е Претседател на Здружението носител на проектот, но кој нема да биде вклучен како дел од проектниот тим?

Одговор: Претседател на здружение не може да биде вклучен како експерт на проект поради можен конфликт на интереси и прашања поврзани со транспарентност и отчетност. Како законски застапник и одговорно лице за управување со здружението,

претседателот има надзорна и управувачка улога, па негово истовремено ангажирање како експерт може да ја наруши поделбата на одговорности и контролни механизми.

4. Нашата организација како носител на проектот планира да вклучи друга организација како партнер и која ќе биде активно вклучена и одговорна за спроведување на само еден дел од проектот за кој е најстручна. Останатите активности ќе ги спроведеме ние како носители на проектот. Дали е ова во ред односно дали партнерската организација може да е вклучена во само една фаза на проектот или мора во сите фази и во сите активности.

   Одговор: Организациите кои влегуваат во партнерство самите одлучуваат/се договараат на кој начин ќе се организираат и колку фази односно активности ќе спроведува секој партнер.

5. Дали новоформирани граѓански организации (неодамна регистрирани во Северна Македонија) имаат право на учество и поднесување апликација на повикот? Доколку постојат дополнителни услови поврзани со период на активност/постоење на организацијата, ве молиме да нè информирате кои се тие и која документација е потребна како доказ.

   Одговор: Новоформирана граѓанска организација може да учествува и поднесе апликација на повикот ако стапи во партерство со поискусна граѓанска организација која би била водечка организација. Во случај на партнерство, водечката организација ќе треба да потпише договор, да раководи со финансиските средства и да биде одговорна за успешно спроведување на проектните активности. Согласно на тоа, ќе се оценуваат оперативните и финансиските капацитети пред се на водечката организација како носител на проектот и нивното искуство во спроведување на проекти но и на останатите партнери.

6. Дали активности кои се веќе спроведувани минатата година во други општини, но не и во општина Аеродром, може да ги вклучиме во проектот за овој повик ReLOaD3 (кој се однесува на општина Аеродром). На пример -предавања од педијатар. Лекарот и главната тема на предавањето би биле различни,но се работи за иста специјалност и слична активност (предавање) Дали доколку се работи за друга специјалност,можеме без проблем да ја внесеме во проектот.

   Одговор: Активности или проекти кои веќе биле спроведени во друга општина може да се спроведат, но мора да се внимава проектите да се усогласени со приоритетните области во општината каде се поднесува проектот.

7. Со оглед на тоа што Финансиски и оперативен капацитет е елиминаторен критериум, дали тоа значи дека здружение без завршна сметка не може да аплицира ниту во Лот 1 (grassroot)? На пример, здружение кое е формирано на почетокот на минатата година, со 2 вработени и стабилна финансиска структура и искуство од 1 година, но

без завршна сметка (затоа што се поднесуваат во март) не може да аплицира? Во повикот Биланс на состојба и Биланс на успех не се споменати во задолжителните документи (но се споменати во Анекс 6 како дополнителна документација, а дополнително делува дека би влијаеле на елиминаторните критериуми):

Одговор: За ЛОТ 1 задолжителни се четирите документи наведени во табелата, и отсуство на некој од нив води до дисквалификација. Билансите на состајба и успех се дополнителни документи кои ги бараме (не се елиминаторни ако не се доставаат) со цел подобро да оцениме дали организациите имаат капацитет за спроведување на проекти.

Проценката на оперативниот и финансискиот капацитет се врши и врз основа на податоците внесени во Анекс 1 (проектен предлог), особено делот за реализирани проекти и ангажирани лица. Доколку организацијата е новоформирана и нема завршна сметка, може да аплицира во партнерство со поискусна организација како водечки апликант, при што пред сè ќе се оценуваат капацитетите на водечката организација, како и на партнерите.

8. Кои податоци треба да ги содржи формуларот за административни и финансиски податоци и дали е по ваш однапред спремен образец.
   Одговор: Формуларот за административни и финансиски податоци е однапред подготвен образец, кој им се доставува на оние организации чија апликација е одобрена и содржи административни податоци за организацијата подносител (име, адреса, контакт, матичен број, итн) како и финансиски податоци (банкарска сметка, банка, лице за контакт, итн)

9. Кои податоци е препорачливо и прифатливо да содржи наративниот извештај, бидејки за 2025 г.сега го припремаме.

   Одговор: Наративниот извештај се доставува како информативен документ за работата на организацијата за претходните години. Содржината и структурата на извештајот ги определува самата организација, согласно нејзините внатрешни акти и вообичаени стандарди за известување како и активностите кои биле спроведени. Одговорноста за целосноста, јасноста и релевантноста на доставените информации е на подносителот на пријавата. Организациите се охрабруваат самостојно да проверат кои елементи вообичаено ги содржи годишен наративен извештај.

10. Дали во Анекс 1 се бара да се селектира вкупно број (како број) на цели (примарни и секундарни)?

    Одговор: Во зависност од под приоритетната област која ќе биде опфатена со проектот, планираните активности или целните групи кои се избрани, ќе треба да бидат избрани целите за оддржлив развој кон кои проектот ќе допринесува. На пример ако проектот има родова компонента и се однесува на самохрани мајки со цел да ја подобри нивната економска состојба, тогаш како приоритетна цел може да се избере бр.5 родова еднаквост а под секундарна цел може да се избери една од целите (10 -намалена нееднаквост; или 1- нема сиромаштија; или 8 достоинствено вработување и економски раст).

11. Во повикот е назначено дека предвидувањето на буџетски трошоци наменети за човечки ресурси и административни трошоци, не треба да надминуваат вкупно 30% од целосниот буџет. **Дали во рамки на човечки ресурси е можно предвидување на исплата на плата и придонеси** за лице кое ќе биде целосно работно ангажирано во рамки на предлог проектот?

    Одговор: Да, лицата кои ќе бидат ангажирани на проектот треба да добијат надомест кој треба да биде изразен во бруто вредности и да ги вклучува сите придонеси и трошоци за данок. Граѓанската организација треба да предложи реален хонорар во зависност од степенот на ангажман (вклученост) на тоа лице во спроведување на проектот.

12. **Како е предвидено известување за постигнувањата на проектот?** Дали се предвидуваат квартални известувања или финален извештај по финализирање на целосната проектна имплементација?
    Одговор: Известувањето (наративно и финансиски) се спроведува преку доставување на редовни двомесечни извештаи и извештаи за постигнат напредок (се поднесуваат заедно со барањето за исплата на следната транша)

13. Дали за потребите на проектот е потребно **вклучување на надворешна ревизија?**
    Одговор: Не, надворешна ревизија не е потребна

14. Дали за **поднесување на целосната документација** се доставува електронска верзија на USB во запечатен плик или дополнително во пликот се приложува и оригинална печатена верзија од документацијата?

    Одговор: како што е наведено во точка 8 од Насоките за јавниот повик (Анекс 6), **документацијата за јавниот повик треба да биде доставена само во електронска форма на USB**. Печатена верзија не треба да се доставува.

15. Дали на повикот за ЛОТ 1 - може да се јават нови организации без искуство? Мојата организација е регистрирана 2025 година, и до сега немам реаизирано ниедна активност со организацијата, но секако јас имам искуство.

    Одговор: Доколку организацијата е новоформирана и нема реализирано ниту една активост нема да може да се оцени оперативниот и финансиски капацитет на организацијата кој е елиминаторен критериум за селекција и доделување на средства -прв праг (види точка „10. Оценување и селекција на предлог проекти“во Анекс 6). Вашата организација може да аплицира во партерство со поискусна организација која би била водечка организација. Во случај на партнерство, водечката организација ќе треба да потпише договор, да раководи со финансиските средства и да биде одговорна за успешно спроведување на проектните активности. Согласно на тоа, ќе

се оценуваат оперативните и финансиските капацитети пред се на водечката организација како носител на проектот и нивното искуство во спроведување на проекти. Дополнително ќе се оценуваат и капацитетите на сите партнерите.

16. Во повикот не наидовме на услов за тоа колку години треба да е активно едно здружение и во делот на финансиски и оперативен концепт се наведува подносителот и партнерот да имаат доволно искуство во раководење со проекти, да имаат професионални капацитети. Дали ако носителот на проектот нема претходно реализирани проекти, (годишниот буџет не надминувал 2.500 евра и нема годишна пријава, туку само одлука), но има партнер со искуство во раководење на проекти, може да аплицира во ЛОТ 2 и ЛОТ3?

    Одговор: Не постои ограничување колку време организациите треба да се активни за да може да аплицираат во ЛОТ 2 и 3 но сепак се очекува организациите кои ќе аплицираат во овие два ЛОТа да имаат искуство во спроведување на проекти, особено од тој обем. Доколку организацијата нема претходно искуство во реализирање на вакви проекти (од аспект на човечки ресурси но и финансиски) се препорачува партнерот кој има искуство во водење на проекти да ја преземе улогата на водечка организација со што ќе се обезбедат потребните оперативни и финансиски капацитети. Во случај на партнерство, водечката организација ќе треба да потпише договор, да раководи со финансиските средства и да биде одговорна за успешно спроведување на проектните активности. Согласно на тоа, ќе се оценуваат оперативните и финансиските капацитети пред се на водечката организација како носител на проектот и нивното искуство во спроведување на проекти но и на останатите партнери.

17. Дали челновите од Управен можат да се најдат како лица кои ќе спроведуваат активност? Кои би били ангажирани како професионалци за спроведување на проектот? Дали лицата кои ќе ги извршуваат активностите се пишуваат во планот за Буџет? Или каде се наведуваат нивните имиња?

    Одговор: Членови на управен одбор на здружение може да бидат ангажирани како лица/експерти за спроведување на активности (се внесуваат во буџетот во делот 4. Трошоци за проект) или како лица за водење на проектот (се внесуваат во точка 1. Човечки ресурси). Треба да се внимава овие лица да бидат или на едната или на другата позиција, и да нема конфликт на интереси, односно овие лица да не се вработени во општина или други јавни/државни институции.

    Лицата треба да бидат наведени и во самиот буџет како и во Анекс 1 – проектен предлог во табела која се наоѓа во точка 2. Лица кои ќе бидат ангажирани на проектот.

18. Прашање во однос на партнерската организација - Партнерската организација ќе биде вклучена преку проектниот асистент и неколку експерти кои ќе реализираат дел од активностите. Со оглед дека за проектот се отвора 1 сметка (која ќе гласи на носителот на проектот) како ќе се префрлаат средствата на партнерската организација? Дали средства можат да се префрлаат на сметката на партнерската

организација? Дали носечката организација може да ги префрла средства од проектот на сметка на партнерската организација?

Одговор: Средствата од наменската сметка на проектот не може да се префрлат на сметка на партнерска организација. Сите плаќања треба да се вршат по пат на банкарски трансфер, а кога се прави исплата за вработените лица на проектот, се прави одделно за секое вработено лице независно дали е дел од тимот или експерт, и од која организација доаѓа. Налозите за префрлените пари за секоја исплата ќе треба да се архивираат заедно со потврда за исплата на плата и останатите давачки.

Одговори на прашања поставени на јавните повици за граѓански организации спроведени во рамките на ReLOaD 1 и ReLOaD 2 програмата

19. Дали треба треба да се пополнуваат колоните во табелата Колона G do R бидејќи така пишува во напатството или не треба бидејќи во повикот од Април не се пополнувани.

    Одговор: да, колоните (G до R) во табелата за буџет треба да се пополнуваат како што е наведено во самата табела.

20. Доколку координаторот работи 100% волонтерски дали треба да се внесе во табелата на Анекс 2 за Човечки ресурси во Преглед на Буџетот.

    Одговор: координаторот не може да работи 100% волонтерски. Едно лице мора да биде ангажирано на позиција Проектен координатор – да биде платено а со тоа да превземе одговорност за непречено спроведување на проектните активности и да биде достапно за комисијата на мониторинг во работни денови и работно време.

21. Ме интересира дали може да се реализира проект во одредена општина, кој е ист или сличен со проект што веќе се реализира во друга општина, а е од исклучително значење за целната група.

    Одговор: Може, но мора да се внимава проектите да се усогласени со приоритетните области во општината каде се поднесува проектот.

22. Дали може член на проектниот тим истовремено да биде и едукатор, како експерт во областа, и за таа активност (држење обука) да добива паричен надоместок, предвиден во делот за активности?

    Одговор: Не, член на проектниот тим не може истовремено да биде и едукатор или на било која друга позиција предвидена во делот за активности и за тоа да добива паричен надоместок.

23. Дали партнерска организација може да биде здружение чиј претседател е вработен во јавна институција?

    Одговор: Да, но организацијата треба да достави документ со кој се потврдува дека претседателот (вработен во јавна институција) се иззема од функциите на организацијата. Дополнително, да се внимава на насоките од јавниот повик кој се однесуваат на ***конфликт на интереси***: членови на здруженија кои се вработени во јавни институции не може да бидат вклучени во проектот, како дел од проектниот тим или на други позиции, освен на волонтерска основа.

24. Дали Здружение кое што од формирањето во Централен регистар до денес е помладо од три (3) години има право да аплицира на повикот како носител на апликација?

    Одговор: Да, сè додека Здружението е формирано согласно со важечката законска регулатива (Закон за здруженија и фондации) и е регистрирано на територијата на општината во која планира да аплицира, независно од годините на постоење, може да аплицира како носител на апликација. Напомена дека во проектната апликација носителот, и партнерските организации ќе треба да наведат „тековни проекти и претходни искуства од соработка со донатори“ од изминатите 3 години (Анекс 1), кои ќе помогнат да се оцени финансискиот и оперативните капацитети на подносителите за да се потврди дали тие поседуваат професионална способност и квалификации кои се неопходни за успешна имплементација на проектот.

25. Дали под култура може да се подразбираат и активности кои опфакаат млади на интернационално ниво(конкретно традиционалниот мегународен салон на стрип и стрип колонија ЗА ПРВПАТ ДО СЕГА не се финансирани од страна на Министерството за култура)? Дали еден проект може да опфати неколку активности-манифестации?

    Одговор: Проектите мора да се спроведуваат исклучиво на територијата на општината во која аплицирате, и предложените активности да таргетираат жители (таргет група) од таа општина. Корисници и/или локација на имплементација на предлог проект надвор од општината каде е објавен јавниот повик нема да бидат земени во предвид.

    Еден проект може да опфати повеќе активности, но за распределба на грантови не се препорачуваат (Анекс 10, точка 7):

- поединечни спонзорства за учество на работилници, семинари, конференции, конгреси;
- повремени конференции/манифестации (освен доколку тоа е неопходно за успешна имплементација на проектот);

26. Нашата организација подготвува автентичен проект за наведениот повик за Општина Битола. Нашиот проект е во приоритет: 1. КУЛТУРА И КУЛТУРНО

НАСЛЕДСТВО, 1.1 Афирмација на културата на територија на општина Битола. Но, нашиот проект на силен и единствен начин ја поврзува културата со развој на туризам, и создава додадена вредност-културен туризам. Бидејќи во овој приоритет туризмот или културниот туризам не се наведени дали било погрешно да да се аплицира со ваков проект? Слично прашање е и културното наследство во функција на културен туризам.

Одговор: За да се финансираат проектите, истите мора да бидат подготвени согласно јавниот повик на општина Битола и општинските приоритети. Еден прект треба да се однесува барем на еден приоритет но може да опфаќа и повеќе приоритети од тие што се зададени со овој повик (Анекс 10 – Насоки за подносители на апликации). Туризмот не е приоритет во овој јавен повик.

27. Неколку прашања околу подобноста на наведениве активности: (а) дали може да предвидиме ЧИСТЕЊЕ НА ДИВА ДЕПОНИЈА ВО РОМСКО МААЛО од страна на градежна фирма; (б) дали може да се делат пропагандни флаери и печатат пропагандни мајци; (в) дали може да се организираат едукативни сесии за хигиената и здравата животна средина; (г) наменска ФБ група?
Одговор:

(а) Трошоците за ангажирање на градежна фирма не можат да бидат покриени од проектот. Приватни фирми може да донираат или да учествуваат со сопствени средства, механизација и човечки ресурси без финансиски надомест;

(б) Предлог проектите може да содржи подготовка и печатење на информативни флаери-маици и нивно делење доколку тоа е од значење за самиот проект, но овие трошоци како и бројот (количината) на истите треба да бидат добро образложени и оправдани во рамките на предлог проектот. Како трошок можат да бидат буџетирани под “видливост” во предлог буџетот (видливоста не треба да надминува 5% од вкупниот буџет).

(в) Едукативни сесии може да се организираат доколку се потребни за остварување на проектните резултати.

(г) Организацијата може да отвори група на Facebook на име на проектот на кој ќе ги споделува постигнатите резултати со цел поголема видливост на проектот и Донаторот.

28. Дали вработен во јавна установа и претседател на здружение на граѓани може да биде проектен координатор на волонтерска база(без надомест) доколку неговото CV придонесува за успешна реализација на проектот и добра позадина?-

Одговор: едно лице мора да биде ангажирано на позиција Проектен координатор – да биде платено а со тоа да превземе одговорност за непречено спроведување на проектните активности и да биде достапно за комисијата на мониторинг во работни денови и работно време. Лицето вработено во јавна установа може на волонтерска основа да помага во имплементцијата.

29. Средствата кои организацијата треба да ги располага како сопствено учество, кое подоцна ќе биде рефундирано од Ваша страна, дали во момент на поднесување на апликација, треба да ги има на сметка на здружението?

    Одговор: не, за време на поднесување на апликација средствата за сопствено учество организацијата не е задолжително да ги има на сметка на здружението.

30. Ние имаме потреба од консултант кој работи во Природонаучен музеј (за изработка на студија), којшто не е член на нашата граѓанска организација. Дали тој може да биде платен во проектот?

    Одговор: Не, лица кои се вработени во општина или други јавни институции, независно дали се членови на граѓанска организација, може да бидат вклучени само на волонтерска основа, и не треба да бидат платени од проектот.

31. Што значи биланс на состојба и биланс на успех заверен од надлешна институција за финансиско работење и овластен сметководител? Од кој всушност истиот треба да биде заверен?

    Одговор: Согласно Законот за асоцијации и фондации (Точка 6. Извештаи за работа, Член 53) „(2) Организациите се должни да подготват годишен финансиски извештај, да го достават до надлежниот орган во согласност со закон и да го објават на својата веб страница или на друг соодветен начин да го направат достапен до јавноста“. Копија од тој финансиски извештај, за претходната година, треба да го доставите во проектната апликација. Доколку организацијата остварува приход помал од 2,500 ЕУР тогаш во прилог треба да се достави Одлуката која се доставува до Централен регистар дека организацијата не е обврзана да доставува финансиски извештај.

32. Во изјава за подобност, кој треба да се потпише и да стави печат во вториот дел „во присуство на“?

    Одговор: Во тој дел може да се потпише друг член од организацијата и да се стави печат од организацијата.

33. Дали новоотворно здружение регистрирано по објавата на јавниот повик може да аплицира заедно со партнери од други општини?

    Одговор: Повикот е отворен за сите Здруженија формирани согласно Законот за здруженија и фондации кои се регистрирани на територијата на општината во која планираат да аплицираат, со тоа што во случај на партнерство, водечката организација е таа која ќе треба да потпише договор, да раководи со финансиските средства и да биде одговорна за успешно спроведување на проектните активности. Согласно на тоа, ќе се оценуваат оперативните и финансиските капацитети пред се на водечката организација како носител на проектот и нивното искуство во спроведување на проекти. Улогата на водечката организација во партнерството треба да биде логична и целисходна за да ги исполни критериумите

и да го помине првиот праг во процесот на евалуација (види Анекс 10). Дополнително ќе се оценуваат и капацитетите на партнерите.

34. Нашиот проект е поврзан со областа социјала. Би сакале да го имаме за партнер Центарот за социјална работа а еден вработен таму ќе земе учество во проектот како волонтер.
Одговор: Партнери на проектот можат да бидат само граѓански организации, додека други организации и/или институции (во вашиот случај Центарот за социјална работа) може да бидат вклучени како соработници, и таквите организации – соработници мора да имаат своја конкретна улога во имплементацијата на активностите, но не може да бидат примателина грант. (види Анекс 10)

35. Во буџетот вкупниот износ на патувања заедно со човеки ресурси треба да не е поголем од 30% од вкупниот буџет, доколку во активностите има потреба за трошоци за транспорт или ангажирање на специјалисти за таа активност дали и тие износи влегуваат во вкупниот износ кој треба да не е поголем од 30% од вкупниот буџет или тие се во посебна ставка на директни трошоци?

Одговор: Трошоците за транспорт кои се директно поврзани со спроведување на проектни активности треба да бидат наведени во делот „Трошоци за проектот“ кај конкретните активности.

36. Дали во Реконструкција или рехабилитација влегува реконструкција или рехабилитација на инвентар, како на пример клупа во градски парк или тоа се однесува само на инфраструктурни објекти?

Одговор: реконструкција и рехабилитација не се однесува само на инфраструктурни објекти. Во случај ако се работи за клупа која веќе пости, има постоечки елементи а само треба да се поправи, тоа ќе се смета за реконструкција или рехабилитација.

37. Дали во набавка на опрема, на пример при уредување на парк влегува канта за отпадок, клупа и сл.?

Одговор: Доколку планирате да вклучите такви ставки (канта за отпадок, клупа итн), ако се набавуваат како нови, треба да се наведат под набавка на опрема.

38. Дали предлог проектите кои се во рамки на **Јавниот повик за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD),** може да содржат активности за подготовка и печатење на информативни флаери-постери кои би биле од огрмно значење за самиот проект?

Одговор: Да, предлог проектите може да содржат подготовка и печатење на информативни флаери-постери кои би биле од огромно значење за самиот проект,

но овие трошоци како и бројот (количината) на истите треба да бидат добро образложени и оправдани во рамките на предлог проектот. Како трошок можат да бидат буџетирани под "видливост" во предлог буџетот.

39. Во насоките на Јавниот повик за поднесување предлог проекти во рамки на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD) делот Табела за оценување- 5. Буџет и исплатливост: 5.3 Буџет Дали е јасен буџетот и дали содржи и наративен дел? (и појаснување за техничката опрема се бара и наративно објаснување а формата за буџет Анекс 2 – Преглед на буџетот_Гостивар нема дел за наративно објаснување, па оттаму ве замолувам да ми одговорите каде да го пишуваме наративното објаснување?

    Одговор: Наративното објаснување треба да биде вклучено во Анекс бр. 1: Проектен предлог под точка 12: Буџети, во кои е наведено дека треба да се даде наративно објаснување за сите буџетски линии и подлинии.

40. Дали се потребени CVја за ангажирани луѓе во проектот по било кој основ?

    Одговор: Потребно е да се достави CV само за клучните лица кои ќе бидат ангажирани, со цел да се оцени нивниот капацитет за предложениот проект. Самата организација треба да одреди кои ќе бидат клучни лица за имплементација на проектот од организацијата.

41. Дали има потреба од ревизија на проект за да се планираат средства?

    Одговор: Не, нема потреба од ревизија на проектот и такви средства не треба да се планираат.

42. Доколку се добие проектот, дали се преведува само концепт нотата, логичката рамка и временската рамка или целиот проект?

    Одговор: Нема потреба од преведување на целиот проект. Документи кои треба да се преведат на англиски доколку се одобри проектот се: Анекс 1-Предлог проект; Анекс 2-Преглед на буџет; Анекс 3 – Логичка рамка и Анекс 4 -План на активности и видливост/промоција. Трошоците за превод треба да се вклучат во буџетот, независно што тој трошок ќе настане пред потпишување на договорот.

43. Простор имаме, а дали може да предвидиме средства за електрична енергија?

    Одговор: Да, средстава за електрична енергија може да се предвидат но мора да бидат реални и пропорционални на проектните активности.

44. Дали можеме да предвидиме трошоци за превоз, бидејќи се работи за невработени лица кои се целна група, а простор за одржување на активностите е одалечен на некои 2, а на некои 3 до 4 км?

Одговор: Трошоци за превоз може да се покријат (за автобуска карта) и да се оправдаат со достава на листа на учесници. Правило е СИТЕ исплаќања да се прават преку банкарската сметка на организацијата без разлика на нивниот износ, исплата во кеш од благајна не е дозволен. Со оглед дека за секој трансфер се плаќа банкарска провизија, а износите може да се мали, може да се размисли за организиран транспорт, да се направи исплата после неколку доаѓања на обука итн.

45. Каде можам да ги видам прашањата и одговорите што ви ги поставуваат други, доколку ги има?

    Одговор: сите одговори на прашања кои се поставени во рамките на јавните повици кои одат во петте општини може да ги најдете на следниот линк:

    https://www.mk.undp.org/content/north-macedonia/en/home/projects/Regional-Programme-on-Local-Democracy-in-the-Western-Balkans.html

46. Дали на објавениот јавен повик можат да поднесат апликации сите граѓански организација, или ако јавниот повик е за општина Струмица се однесува само на граѓански организации од таа општина?

    Одговор: Јавниот повик е отворен за сите граѓански организации кои се формално регистрирани во Македонија согласно со важечката законска регулатива, со тоа што граѓанските организации од другите општини од земјата можат да учествуваат само доколку аплицираат во партнерство со граѓанска/и организација/и регистрирани на територијата на општина Струмица, во кој случај водечка организација ќе биде организацијата регистрирана на територијата на општина Струмица. (објаснето подетално во Анекс 10-Насоки (под точка бр. 4 – кој може да аплицира) кој е составен дел од проектната документација.

47. Нашата организација е регистрирана во Скопје, меѓутоа имаме подружница во Кавадарци (се работи за исто правно лице, но со посебно раководство). Дали можеме да аплицираме проект како водечка организација?

    Одговор: Само организации кои се регистрирани на територијата на општина Кавадарци можат да бидат водечка организација во проект во кој има повеќе партнери од други општини. Со оглед дека се работи за исто правно лице, вашата организација ќе треба да стапи во партнерство со друга организација која е регистрирана на територијата на општина Кавадарци.

48. Нашата организација има тековен проект управуван од УНДП кој е финансиран од ЕУ во партнерство со Министерство за животна средина и просторно планирање во областа на животната средина. Дали може да аплицираме во други оски од јавниот повик**?**

Одговор: Доколку под „други оски“ се мисли на други приоритетни области, може да аплицирате со проект кој опфаќа други приоритетни области, се додека приоритетите се однесуваат на општината во која аплицирате. Исто така, треба да се внимава проектниот тим кој ќе биде предложен да не биде 100% ангажиран и на двата проекти, односно доколку тимот е веќе ангажиран 100% на тековниот проект да се предложи нов проектен тим за другиот проект.

49. Пишува дека треба да се даде завршниот финансиски годишен извештај за претходната година (биланс на состојба и биланс на успех), заверена од одговорна агенција за финансиско работење и овластен сметководител. Нашата организација минатата година имаше приход помал од 2000 евра. Согласно законот сме ослободени да имаме завршен финансиски годишен извештај доколку имаме приход помал од таа сума. Што можеме да направиме во оваа ситуација?

    Одговор: Доколку организацијата остварува приход помал од 2,500 EUR тогаш во прилог треба да се достави Одлуката која се доставува до Централен регистар дека организацијата не е обврзана да доставува финансиски извештај.

50. Дали во повикот може да биде вклучено лице како консултант кој работи како професор на факултет во Скопје? Или асистент во проектот лице кое работи во основно училиште, но во друга општина?

    Одговор: Лице кое работи како професор на факултет може да биде вклучено као консултант на проектот но исклучиво на волонтерска основа. **Анекс 10 – Насоки за подносители, под конфликт на интереси:** „Членови на граѓански организации кои се постојано вработни во јавни институции не можат да бидат вклучени во предлог проектите како дел од проектниот тим или на други позиции (консултанти, едукатори, обучувачи итн) освен на волонтерска основа независно од која општина доаѓаат“.

51. Никаде не е наведено дали проектот треба да биде ослободен од ДДВ. Ве молам да ми дадете информација дали проектот ќе биде ослободен од ДДВ бидејќи е од големо значење за подготовка на буџетот?

    Одговор: Сите проекти кои ќе бидат одобрени за финансирање ќе бидат ослободени од ДДВ и ќе треба да се регистрираат во Секретаријатот за европски прашања.

52. Дали доколку организацијата во претходната година немала никаков буџет односно буџетот изнесувал 0 би имала ограничување и помалку би била бодувана доколку апликацијата која ќе ја поднесе би била со буџет поголем од 10.000 евра.?

    Одговор: Во проектните апликации, независно од висината на буџетот, ќе се оценуваат финансиските и оперативните капацитети на подносителите за да се потврди дали тие располагаат со доволно средства за финансирање на редовните

активности во текот на целиот период на имплементација на проектот и дали поседуваат професионална способност и квалификации кои се неопходни за успешна имплементација на проектот. Истото важи и за партнерите на подносителот (повеќе информации за начионот на оценување во Анекс 10 – Насоки за подносители, точка 12: оценување и селекција на предлог проекти).

53. Дали постојат ограничувања доколку организацијата би склучила меморандум за користење, евентуално изнајмување на простор од јавна институција како што е Здравствен дом, со оглед на тоа дека токму таа просторија располага со целосна опрема која е неопходна за реализирање на проектната идеја?

    Одговор: Не постојат ограничувања за користење или изнајмување на простор од јавна институција, но доколку има трошоци, тие треба да бидат вклучени во трошоците за проектни активности.

54. Дали е прифатлив трошок надомест на физички лица (таргет група) за извршена практична работа (практикантство на млади невработени во фирми) за кои проектот би го покрил трошокот (надомест за пракса за покривање на основните работи како што се пат, храна на лицата).

    Одговор: Трошоците за практиканство треба да ги покрие фирмата во кои тие лица ќе имаат практична работа. Овој вид на трошоци не треба да биде покриен од проектот.

55. Дали постои репер на UNDP во однос на хонорари по саатнина како процент на ангажираност за Координатор и Асистент на проект, како и за следните експерти: Општ лекар, медицинска сестра, Физијатар, Физиотерапевт, Неуролог, Социјален работник, Психолог, Дефектолог. Психолог во групна терапија.

    Одговор: Не, УНДП нема листа со хонорари (по саатнина или процент на ангажираност) за профилите кои се наведедни во прашањето. Граѓанската организација треба самата да предложи реални хонорари во зависност од степенот на ангажман (вклученост) на проектниот тим и експертите.

56. Дали хонорарите за горенаведените експерти се трошоци за човечки ресурси или дел од трошоци за активности, со оглед на тоа што голем дел од активностите подразбираат исплата на хонорари.

    Одговор: Хонорарите за експретите се дел од трошоци за активности и треба да бидат наведени во делот за проектни активности.

57. Дали во хонорарите на Координатор и Асистент на проект треба да се вкалкулира персонален данок во буџетот и дали истото важи за хонорари на експерти кои се дел од активности. Ако да, тогаш по која стапка се смета персоналниот данок согласно новата даночна политика од 2019 година.

Одговор: Надоместоците за проектниот тим (Координатор и Асистент) како и за експертите треба да бидат изразени во бруто вредности и да ги вклучуваат сите придонеси и трошоци за данок. Треба да се користат тековните даночни политики кои се важечки во времето на поднесувањето на проектниот предлог.

58. Освен Координатор и Асистент на проект, кои дополнителни функции може да бидат предвидени.

    Одговор: Граѓанската организација предлага проектен тим согласно со барањата на проектот и имплементацијата на проектните активности.

59. Дали бензин и амортизација за возило неопходно за активности се сметаат за патен трошок или трошок на активност.

    Одговор: Доколку патните трошоци (трошоци за бензин и амортизација на возило) се поврзани со имплементација на проектни активности тогаш треба да бидат внесени како трошок на активности.

60. Доколку проектот вклучува тендер за адаптација на просторија во функција на активностите, кога, на кој начин, кој, како треба да го распише.

    Одговор: Тендерската постапка (подготовка на документација, огласување, избор на компанија за адаптација) е одговорност на граѓанската организација (ГО) која го поднесува предлог проектот. Доколку проектот биде одобрен, ГО ќе добие насоки како да ја спроведе тендерската постапка и ќе биде потребно пред објавување на тендерот, тендерската документација да биде доставена до УНДП на одобрување.

61. Дали општината како финансиер на 20% , може да се јави како обезбедувач на просторот во кој што би бил сместен инфо центарот, кој што ќе ни биде потребен како дел од предлог проектот?

    Одговор: Општината како ко-финансиер во грантовите со 20% не може да добие средства од грантот, односно во овој случај да наплати кирија за просторот. Општината може да го обезбеди просторот за инфо ценатарот бесплатно (како придонес за имплементација на проектот) во кој случај граѓанската организација ќе треба да достави и согласност од Општината за отстапување на просторот.

62. Дали ако одиме со две апликации, во формуларот за двојно финансирање треба да се наведат наизменично, бидејќи ќе бидат во фаза на евалуација или се однесува само на проекти кои што ги работи здружението, а се финансирани од други финансиери?

    Одговор: Не, доколку се поднесат две апликации не се наведуваат наизменично во формуларот. Доколку предлог проектот кој сакате да го поднесете во рамките на овој јавен повик е веќе поднесен на друго место (има можност за финансирање од друг извор/донатор) тогаш тоа го наведувате во формуларот. На тој начин се

избегнува ист проект да биде финансиран од два донатори/извори на финансирање. Во вашиот случај, за секоја апликација (предлог проект) ќе треба да доставите поединечно формулар за двојно финансирање.

63. Дали може пензионер да биде координатор на проект?

Одговор: Да, сè додека граѓанската организација го ангажира во согласност со законската регулатива за дополнителна дејност по пензионирање и ги покрие сите обрврски и придонеси кои ќе произлезат од тој ангажман.